Врз основа на член 19 алинеа 5) а во врска со член 22 став 1 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.98/2019, 153/2019, 92/2021, 222/2024 и 59/2025), член 15 алинеа з), а во врска со член 17 од Статутот на Агенцијата за електронски комуикации, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуикации на состанокот одржан на 27.02.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за неизбор на директор на Агенцијата за електронски комуникации

I

НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на директор на Агенција за електронски комуникации.

II

За оваа одлука да се известат сите кандидати кои се пријавиле на јавниот конкурс за избор на директор на Агенција за електронски комуникации објавен во дневните весници „Вечер" „Слободен Печат" и „Лајм".

III

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

IV

Одлуката е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, на состанокот одржан на 29.01.2026 година, донесе Одлука за објавување на јавен оглас за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации под број 1102-3/3. Јавниот оглас беше објавен на 30.01.2026 година во дневните весници „Вечер" „Слободен Печат" и „Лајм".

На состанокот одржан на 17.02.2026 година, Комисијата ги отвори и ги разгледа пријавите со пропратната документација што во рокот определен во Јавниот оглас беа доставени во архивата на Агенцијата за електронски комуникации. Комисијата констатира дека се доставени 9 (девет) навремени пријави, од кои 1 (една) со некомплетна документација.

Во согласност со постапката за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации утврдена во член 17 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации и во јавниот оглас, Комисијата на состанокот одржан на 19.02.2026 година изврши интервју со 7 (седум) од вкупно( 8) осум повикани кандидати, поради тоа што еден кандидат ја извести Комисијата дека нема да дојде на закажаното интервју.

По извршеното интервју, а врз основа на член 19 алинеа 5) а во врска со член 22 став 1 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.98/2019, 153/2019, 92/2021, 222/2024 и 59/2025), член 15 став 1 алинеа з), а во врска со член 17 од Статутот на Агенцијата за електронски комуикации, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации едногласно донесе одлука за неизбор на директор.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе тужба до Управен Суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.

Наш број 1102-11/3

Скопје, 27.02.2026 година

Агенција за електронски комуникации

Комисија

Проф. д-р Орце Симов, претседател